,,Совет на Општина Шуто Оризари,,
,,Konsili ki Komuna Suto Orizari • Këshili i Komunës Shuto Orizare,,
,,Република Македонија • Republika Makedonija • Republika e Maqedonia,,

Бр. NO, Num 08 - 472 /10
22.06. 2021 год / bers / vita
СКОПЈЕ /SKOPJE /SHKUP

**ЗАПИСНИК ОД ТРИЕСЕТ И ОСМАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ОДРЖАНА НА ДЕН 16.06.2021 ГОДИНА**

Согласно со одредбите од Законот за локалната самоуправа ја свикав 38-та Седнцата на Советот на Општина Шуто Оризари.

ПРЕД ДА ЈА ОТВОРАМ 38-та СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ, МОЛАМ ДА СЕ УТВРДИ БРОЈОТ НА ПРИСУТНИТЕ СОВЕТНИЦИ И ДА СЕ КОНСТАТИРА ДАЛИ ИМА КВОРУМ ЗА РАБОТА.

– МОЛАМ СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ДА ГО УТВРДАТ БРОЈОТ НА ПРИСУТНИТЕ СОВЕТНИЦИ.

УТВРДЕНО Е ДЕКА ИМА ВКУПНО 15 СОВЕТНИЦИ. КОНСТАТИРАМ ДЕКА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ МОЖЕ ПОЛНОПРАВНО ДА РАБОТИ И ОДЛУЧУВА.

- ПРЕМИНУВАМЕ КОН УТВРДУВАЊЕ НА ДНЕВНИОТ РЕД ПО КОИ ЌЕ РАБОТИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ. ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД ВИ Е ДОСТАВЕН И ОТВАРАМ ПРЕТРЕС ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД.

Предлог дневен ред:

**1. Предлог - Одлука за Донесување на конечен ДУП за Градска четврт С.06 блок С.06.08.**

**2. Предлог - Одлука за формирање на Партиципативно тело за Урбанистички планови.**

**3. Предлог - Усвојување Деловник за работа на Партиципативно тело за Урбанистички планови**

Отварам претрес по предложениот дневен ред, кој бара збор?

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот го затвори претресот и предлог - на дневниот ред го стави на гласање.

1. **<u>ОТВАРАМ ПРЕТРЕС ПО ПРВА ТОЧКА ОД ДНЕВНИОТ РЕД .</u>**

**,,Предлог - Одлука за Донесување на конечен ДУП за Градска четврт С.06 блок С.06.08,,.**

**Претседателот на Советот му даде збор на Секретарот на општината и Предлог – Одлуката беше образложена од страна на изготвувачот Георги Клинаревски – Секретар на општина Шуто Оризари. По неговото излагање збор му се даде на предлагачот Градоналникот на општина Шуто Оризари кои истовремено го презентираше предложениот Детален Урбанистички план како и спорните токи кои беа презентирани** точки кои беа презентирани пред граѓаните од надворешни лица, при што советниците добија јасна слика за ДУП-от.

Бидејќи никој не се јави за збор го затварам претресот по првата точка од дневниот ред.

Предлогот беше ставен на гласање:
Кој е ,,ЗА,, молам да крене рака 14.
Кој е ,,ПРОТИВ,, - нема.
Кој е ,,ВОЗДРЖАН,, 1 .
**<u>Констатирам дека со ,, 14 – гласа ЗА,, ,,ПРОТИВ- нема,, , ,,ВОЗДРЖАНИ- 1 ,, , Советот на Општина Шуто Оризари донесе:</u>**

**,, Одлука за Донесување на конечен ДУП за Градска четврт С.06 блок С.06.08,,.**

2. **<u>ОТВАРАМ ПРЕТРЕС ПО ВТОРАТА ТОЧКА ОД ДНЕВНИОТ РЕД .</u>**

**,,Предлог - Одлука за формирање на Партиципативно тело за Урбанистички планови,,.**

**Претседателот на Советот му даде збор на Секретарот на општината и Предлог – Одлуката беше образложена од страна на изготвувачот Георги Клинаревски – Секретар на општина Шуто Оризари.**

Бидејќи никој не се јави за збор го затварам претресот по првата точка од дневниот ред.

Предлогот беше ставен на гласање:
Кој е ,,ЗА,, молам да крене рака 15.
Кој е ,,ПРОТИВ,, - нема.
Кој е ,,ВОЗДРЖАН,, нема .
**<u>Констатирам дека со ,, 15 – гласа ЗА,, ,,ПРОТИВ- нема,, , ,,ВОЗДРЖАНИ- нема ,, , Советот на Општина Шуто Оризари донесе:</u>**

**,, Одлука за формирање на Партиципативно тело за Урбанистички планови,,.**

**3. <u>ОТВАРАМ ПРЕТРЕС ПО ТРЕТАТА ТОЧКА ОД ДНЕВНИОТ РЕД .</u>**

„**Предлог - Усвојување Деловник за работа на Партиципативно тело за Урбанистички планови,,.**

**Претседателот на Советот му даде збор на Секретарот на општината и Предлог – Одлуката беше образложена од страна на изготвувачот Георги Клинаревски – Секретар на општина Шуто Оризари.**

Бидејќи никој не се јави за збор го затварам претресот по првата точка од дневниот ред.

Предлогот беше ставен на гласање:
Кој е ,,ЗА,, молам да крене рака 15.
Кој е ,,ПРОТИВ,, - нема.
Кој е ,,ВОЗДРЖАН,, нема .
**<u>Констатирам дека со ,, 15 – гласа ЗА,, ,,ПРОТИВ- нема,, , ,,ВОЗДРЖАНИ- нема ,, , Советот на Општина Шуто Оризари донесе:</u>**

„**Усвојување Деловник за работа на Партиципативно тело за Урбанистички планови,,.**

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 38-мата седница на Советот на општина Шуто Оризари.

Претседател на Совет

Фатима Османовска